# Упатство за подготовка на трудовите

| Предмет | Опис | Пример | Напомена |
|---|---|---|---|
| **1. Основни елементи** | | | |
| Програма | MS Word | | |
| Писмо | Times New Roman | | Ако се користат други писма, тие треба да се внесат во рубриката „fonts (zip-file)“ во пријавата на „Гралис“ |
| Формат | A4 | | |
| Маргини | Горна: 4,8 cm; долна: 4,9 cm; лева и десна: 4,3 cm | | |
| Графика | Резолуција најмалку 300 dpi | | |
| **2. Почеток на текстот** | | | |
| Име на авторот и град | Горен лев агол: 12 pt | Димитар Ивановски (Охрид) | |
| Наслов на трудот | 14 pt со масни (болдирани) букви, центрирано | **Антологиската песна на Блаже Конески Тешкото** | |
| Кратко резиме во почетокот на текстот | Големина на буквите: 10<br>Пасус: вовле-кување на првиот ред: 0,7<br>Растојание меѓу пасусите: 0,3 pt | Во овој текст е претставен македонскиот Гралис-копрус (Гралис-мак), кој се развива во рамките на соработката меѓу Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и Институтот за славистика на Универзитетот „Карл Франц“ во Грац, Австрија. | Најмногу пет реченици на јазикот на кој е напишан текстот. |
| **3. Основен текст** | | | |
| Големина на буквите на основниот текст | 11 pt | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Растојание во главниот текст; проред зад пасусот | Единечен проред;<br>3 pt | ТЕШКОТО потекнува од мијачкиот крај и неговата суштина етнолозите ја поврзуваат со печалбарството како судбина на луѓето од овој планински предел во Западна Македонија. Традицијата ни раскажува дека печалбарите од Лазарополе, Галичник, Гари и другите мијачки села, на верскиот празник Петровден се враќале во родниот крај за да учествуваат на свадбите на своите роднини.<br>За време на веселбите ТЕШКОТО се изведувало со силни емоции, восклици и тага поради скорешното заминување на печалбарите, а често и на младоженците кои во селото си ги оставаат невестите. Така настанал и опстојувал низ времињата овој симбол на тешкиот печалбарски живот на Мијаците. | |
| Вовлекување на првиот ред | 0,7 | Антологиската песна на Блаже Конески ТЕШКОТО е инспрација на авторот од ова оро. Во своите сведочења Блаже Конески напишал дека инспиративна основа за песната му послужил еден настан од 1942 што се случил во Прилеп. Во услови на окупација тивко без зурли и тапани, видел како орото го играат без музика. ТЕШКОТО Конески ја напишал 1946 г, а објавена е 1948 во збирката песни ЗЕМЈАТА И ЉУБОВТА. | |
| **а) Истакнување** | | | |
| Истакнување на зборови и поими | а) Истакнување со раздалечени (спационирани) букви<br>б) Истакнување со масни (болдирани) букви | а) За време на веселбите ТЕШКОТО се изведувало со с и л н и   е м о ц и и ,  в о с к л и ц и   и   т а г а поради скорешното заминување на печалбарите, а често и на младоженците кои во селото си ги оставаат невестите.<br>б) За време на веселбите ТЕШКОТО се изведувало со **силни емоции**, **восклици** и **тага** поради скорешното заминување на печалбарите, а често и на младоженците кои во селото си ги оставаат невестите. | Раздалечувањето/ спационирањето во никој случај **да не се врши рачно**, туку со избирање на соодветните опции во Word. Види напомена на крајот од ова упатство. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Истакнување на примери | Коси букви (италик, курзив) | Хомоними се зборови кои имаат две или повеќе различни значења. Пример: зборот *јазик*, може да значи ʽанатомски орган, или пак говорен и/или пишан систем за комуникација’. | |
| Истакнување на зборови во рамките на реченицата | Коси букви (италик, курзив) + масни (болдирани) букви | Пример: Тој рече: *Денес **добро** се чувствувам*. | Интерпункциските знаци (запирка, две точки) зад истакнатите зборови не треба да бидат маркирани со коси или со масни букви. |
| Истакнување на букви, гласови, фонеми, морфеми, афикси | Масни (болдирани) букви | а) Во средината и на крајот на зборот **х** или се загубило или преминало во друг глас: **в**, **ф** < **х**. Од **хв-**: *фрла*, *фали*, *фати*, *фрка*. Од **х**: *дојдов*, *бев*, *бевме*, но: *беа*; *нивни*, *јавне* итн.; *орев* – *оревот*; *пазува*; *мува*; *уво*.<br>б) Во наставката **-иња** за множина на некои именки во среден род на **-е**: *име* – *имиња*; *прасе* – *прасиња* итн.<br>в) Кај глаголските именки на **-ње**: *барање*, *движење* итн. | Интерпункциските знаци (запирка, две точки) зад истакнатите зборови не треба да бидат маркирани. |
| **б) Цитирање** | | | |
| Наведување наслов/назив на дела, списанија. зборници, монографии и други посебни публикации | Големи, верзални букви (капиталка) со големина на тековните букви. | Во услови на окупација тивко без зурли и тапани, видел како орото го играат без музика. ТЕШКОТО Конески ја напишал 1946 г, а објавена е 1948 во збирката песни ЗЕМЈАТА И ЉУБОВТА. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Наведување на цитат од научни и сл. трудови, подолг од една реченица | Букви: обични<br>Пасус: блок,<br>лево: 0,7 без вовлекување на првиот ред, Растојание пред пасусот: 0,3 pt.<br>Растојание зад пасусот: 0,3 pt.<br>Секој вовлечен пасус треба да има големина 10 pt. | Во резимето на својата статија, Френк пишува:<br>Уште од почетокот на 19 век, пишаните традиции на муслиманите од областа на Волга и на Урал имаат регистрирано повеќе историски и генеолошки легенди, поврзани со Искендер Зул-Карнијан [...] Овој труд има за цел да ги идентификува и класифицира разните варијанти на овие легенди од кои, најголемиот дел се најдени во колекциите на муслимански ракописи, најдени во тој регион, како и да ја открие нивната улога во детерминирањето на развитокот на идентитетот на муслиманите околу Волга и Урал.<br>Во продолжение Френк пишува за поврзаноста и на волшките Бугари со ликот на Александар Македонски (Frenk 2004: 56). | Точка не се става пред изворот во загради, туку зад затворените загради. |
| Наведување на цитат од книжевен текст (во стих или проза), подолг од една реченица/еден стих | Букви: коси (италик, курзив)<br>Пасус: блок,<br>лево: 0,7 без вовлекување на првиот ред, Растојание пред пасусот: 0,3 pt.<br>Растојание зад пасусот: 0,3 pt.<br>Секој вовлечен пасус треба да има големина 10 pt. | Не случајно Блаже Конески дава во својот ДНЕВНИК ПО МНОГУ ГОДИНИ неколку анегдоти од своите средби со Иво Андриќ.<br>(1) *Кога бев надвор, си мислев дека за среќа има едно тихо место, каде што спокојно луѓето си ја вршат својата сериозна работа. Кога влегов во Академијата, видов дека е таа најголемо змиско гнездо.* (2) *Сетете се како е да останеш без татковина. Тоа е исто како да останеш без кров над глава.*<br>Не се наоѓал ли и самиот Конески со такви мисли. Неговото искуство со работата во академијата (МАНУ) е многу поголемо. Покрај сета редовна работа (избори, проекти, собири итн.), требало да се брани и татковината, што ќе рече покривот над главата од отворените и прикриените оспорувачи (Стаматоски 1995: 34). | Во курзивниот текст, интерпункциските знаци треба да бидат обични (а не курзивни).<br><br>Точката во реченицата со која завршува цитатот, треба да се стави зад изворот наведен во загради, а пред заградите. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Наведување на извор во текстот | | Со други зборови, секоја песна има свое време и свој поет, а тоа најдобро се гледа од констатацијата на Конески: „Јас сум свесен дека денеска не можам да напишам еден текст како ТЕШКОТО, иако сега ја владеам поетската вештина секако повеќе отколку во 1946 година“ (Koneski 2007: 274). | |
| в) Знаци | | | |
| Знак за изоставен текст | […] | ТЕШКОТО потекнува од мијачкиот крај и неговата суштина етнолозите ја поврзуваат со печалбарството како судбина на луѓето од овој планински предел во Западна Македонија [...] | Во цитат истакнат со коси букви, трите точки се пишуваат со формат на обичните букви. |
| Наводници | „ “ | Првите стихови што ни се познати од него датираат од 1928 година. Заокружувајќи ги првите две децении од својот макотрпен и кратковечен живот, младиот и заљубен Кочо ги пишува своите „стихови од младината“. | |
| Полу-наводници | ‘ ’ | Пример: зборот *јазик*, може да значи ‘анатомски орган, или пак говорен и/или пишан систем за комуникација’. | Тие се користат кога се јавува цитат во цитат. |
| Црта меѓу два збора | – | Макар што во песната МАКЕДОНСКИ ПОЕТИ поетот со чувство на скептицизам признава дека – создавајќи поезија – му се чини дека прави најзалудна работа на светот, тој сепак подвлекува дека пак е се со човечка смисла исполнето. | Цртата се добива ако истовремено се притиснат Controll и знакот минус во десниот горен агол на тастатурата, каде што се наоѓаат цифрите (над плусот и до ѕвездичката). |
| Црта меѓу броеви | – | ТЕШКОТО е песна на Блаже Конески (1921–1993). | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Фусноти | Големина: 10 pt. Пасус: вовле-кување на првиот ред: 0,7; единечен проред, растојание меѓу редовите: 0,3 pt. | [1] Приказната за ТЕШКОТО ја раскажува и „Танец“ – нашиот професионален државен ансамбл за народни песни и ора. На првата интернационална турнеја на „Танец“ во Ланголен, Англија за првпат е изиграно орото пред светската јавност и во таа 1950 година „Танец“ во Ланголен ја освојува првата награда. | |
| **4. Крај на текстот** | | | |
| Библио-графија | а) Монографија | а) Koneski 1952: Конески, Блаже. *Граматика на македонскиот литературен јазик*. Скорје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. | Пасус: без вовлекување, пренесениот ред е поместен за 0,7 вдесно. Растојание меѓу пасусите: 0,3 pt. |
| | б) Статија во книга, зборник, списание | б) Lazarova-Ninkova/Kardelska 2008: Лазарова-Никовска, Ана; Кардалеска, Љубица. Јазичен пуризам и јазична глобализација врз конкретни примери од современиот македонски јазик. In: *VIII семинар за македонски јазик, литература и култур*а. Скопје – Охрид: Универзитет „Кирил и Методиј“. С. 49–59. | |
| | | в) Petrovska 2008: Петровска, Марија. Кадина Река и нејзините притоки. In: *Литературен збор*. Скопје. Бр. VII/1. С. 56–59. | |
| | в) Извор на Интернет | c) Gralis-Korpus: http://www-gewi.kfunigraz.ac.at/gralis. Состојба: 15. 5. 2010. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Завршеток на текстот | На крајот од трудот се става резиме на еден од светските јазици и се наведуваат податоци за контакт.<br>Завршниот дел ја има следнава структура:<br>1. во левиот горен агол: име и презиме на авторот, а местото во загради,<br>2. текстот на резимето: најмногу половина компјутерска страница,<br>3. податоци за контакт: големина на буквите: 10. Растојание меѓу редовите: 0,3 pt.<br>Избор на податоците: по желба на авторот | Maksim Petrovski (Zutojevo)<br><br>**Die grammatischen Korrelationen und das Problem der Zustandskategorie**<br><br>Der Autor beschäftigt sich mit der sog. Zustandskategorie. Sich auf V. Vinogradov und die älteren russischen Autoren berufend, stellt er zunächst fest, dass die ‘Zustandskategorie' nach ihrer Position im Satz bestimmt wird (sie hat prädikativische Funktion) und betrachtet schließlich den Status dieser Einheiten im System der Wortarten. Der Autor zieht den Schluss, dass unter den slawischen Sprachen eigentlich nur das serbische *žao* im Satztypus *Žao mi je* oder *Milanu je bilo žao* die Bezeichnung einer besonderen Wortkategorie verdient. Das bedeutet, dass in den slawischen Sprachen eine eigene syntaktische Position als Bedingung für das Bestehen der Zustandskategorie vorhanden ist, dass jene jedoch erst in den ersten Anfängen und lexikalisch noch völlig ungeformt ist.<br><br>Максим Петровски<br>Филолошки факултет<br>Охридска 6<br>55000 Зутојево<br>Тел.: ++456 23 634 643, 623 723<br>Факс:++456 23 612 239<br>petar.petrovic@zutojevo.at<br>htt://www-zdriev.yg/kaft/ | Најмногу една страница (од пет до најмногу 20 реда) на еден од светските јазици |

**ГОЛЕМИ, ВЕРЗАЛНИ БУКВИ (КАПИТАЛКА)**

Во Word, **големите, верзални букви** (на пр. Патувањето на Јанко Јанковски) можат да се добијат на два начина:

**1. можност**
Комбинација на Control (Ctrl) + Shift + Q

Прво треба да се обележи зборот или повеќе зборови, а потоа истовремено да се притиснат трите копчиња на тастатурата:

Control (Ctrl) + Shift истовремено, а потоа Q.

Ако на компјутерот постои национална верзија на Windows (македонска, српска, хрватска,...), наместо овие букви, може да се добијат неразбирливи знаци. Во тој случај треба да се избере:

**2. можност**

1. Да се обележи текстот што треба да се напише со големи букви (на пр. Јанковски 1985: Јанковски)
2. Во горниот дел да се притисне на Format, а потоа на првата опција Font (во германската верзија на Word 2003 – на Zeichen, макед.,знаци’,,букви’)




3. Се добива следнава табела:




4. Во долниот дел на табелата, на десната страна се наоѓа <u>празен квадрат</u>, до кој стои **All caps** (на германски: Kapitälchen, а на македонски веројатно: **Големи (верзални) букви**).

Кога ќе кликнете во тој квадрат, зборовите што сте ги обележале, автоматски ќе се претворат во зборови напишани со големи (верзални) букви.




Значи, ќе се добие:
ЈАНКОВСКИ 1985. ЈАНКОВСКИ, Јанко. *Научен труд*. – Скопје: Мисла. – стр. 340- 357.

**Раздалечени (спационирани) букви**

Раздалечените букви (развлечени, скратено: спац. букви, на пр. с т р а н с к и јазик) не треба да се раздалечуваат рачно (бидејќи тогаш зад секоја буква ќе се добие празно место), туку со помош на копчето Space при избирањето на опциите:

1. Menu
2. Tools (герм. Anpassen, макед.,алатки', т. е,приспособување')
3. Keybord (герм. Tastatur, макед.,тастатура')
4. Format
5. Spacing Expanded (герм. gesperrt, макед.,раздалечено',,развлечено')

Прво треба да се обележи зборот, а потоа да се развлече со избор на наведените команди.